Здравствени состојби кај возрасните лица



# Паѓање на косата по породувањето

## Важни работи

- **Паѓањето на косата по породувањето не е трајно губење на косата**
- **Нормално е на главата да растат околу 100.000 влакна, и обично 50-200 влакна паѓаат секој ден**
- **Повишените нивоа на хормони во текот на бременоста доведуваат до тоа косата на главата да расте повеќе отколку што е тоа вообичаено**
- **По породувањето, нивоата на хормоните се враќаат на нормалата и два-три месеци подоцна доаѓа до засилено паѓање на косата што трае два до три месеци**
- **Косата пак ќе почне нормално да расте три до шест месеци откако почнала да паѓа**
- **Паѓањето на косата по породувањето може да се случи кај секоја бременост**

## Што е тоа?

Многу жени ќе забележат дека косата им паѓа после породувањето. Хормоните што се покачуваат во текот на бременоста доведуваат до промени на кожата и на многу други делови од телото. Притоа обично целата коса на главата влегува во фазата на растење од животниот циклус на влакното. Тоа значи дека многу жени ќе забележат дека косата како да им станала погуста во текот на бременоста.

По породувањето, многу влакна ќе престанат да растат и ќе прејдат во фазата на одмор, во која ќе останат два-три месеци. Кога одново ќе почне циклусот на косата, влакната пак ќе влезат во фазата на растење и сите стари влакна ќе паднат одеднаш. Количината на влакна што паѓаат ќе се разликува од една до друга жена, па така на некои жени косата ќе им паѓа повеќе отколку на други. Ако веќе постои склоност кон наследно проретчување на косата во семејството, паѓањето на косата може да биде уште позабележливо по раѓањето на детето.

Паѓањето на косата по породувањето обично трае два-три месеци, а потоа влакната пак почнуваат да растат. Кај повеќето жени косата се враќа во состојбата во која била пред бременоста.

## Како се лекува?

Не е потребно лекување на паѓањето на косата по породувањето. Тоа е само привремена промена во циклусот на растење на косата што се должи на хормоналните промени во текот на бременоста.

Засиленото четкање лесно ќе ги отстрани влакната и ќе го забрза паѓањето на косата кое инаку би можело да трае два-три месеци. Ако

се случи вакво нешто, тоа никако нема да ја оштети косата. Земањето на витамини или втривањето на препарати во кожата на главата под косата нема да помогне. Некои жени забележуваат дека паѓањето на косата по породувањето се случува по секоја бременост.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот семеен лекар.
Вашиот акушер.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.